**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Деветнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 1 август 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,48 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Деветнаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Стојан Андов, Владимир Ѓорчев, Фијат Цаноски, Љубисав Иванов Ѕинго, Надица Танчева Тулиева, Горан Мисовски, Соња Мираковска, Тито Петковски, Али Ахмети, Сафет Нерзири, Тахир Хани, Ермира Мехмети, Роза Топузова-Каревска, Андреј Жерновски, Јован Манасијевски, Ристо Пенов, Оливер Дерковски, Станка Анастасова, Миле Андонов, Весна Бендевска, Владо Бучковски, Славица Грковска Лошкова, Менде Диневски, Цветанка Иванова, Игор Ивановски, Јани Макрадули, Горан Минчев, Марјанчо Николов, Андреј Петров, Горан Сугарески, Емилијан Станковиќ, Маринела Тушева, Никола Ќуркчиев, Томе Чинговски и Радмила Шекеринска, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија, господин Бранко Црвенковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Предложените кандидати за заменици министри во Владата на Република Македонија, претседателот на Државната изборна комисија.

Дами и господа пратеници, дозволете ми од мое и ваше име на сите граѓани на Република Македонија да им го честитам државниот празник 2 август ден на Републиката.

Продолжуваме со работа.

Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија.

Предлогот на Комисијата ви е поделен.

Го молам претседателот на Комисијата за мандатно имунитетни прашања да ја образложи итната и недоложна потреба, верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија да биде разгледана на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Комисијата за деловнички, мандатно имунитетни прашања на денешната седница го разгледа извештајот на Државната изборна комисија за преземените работи, согласно член 153 од Изборниот законик број 10-2202/2 и врз основа на членот 70 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага дневниот ред да се дополни, со цел верификација на мандат напратеник во Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Комисијата, верификација на мандатот да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 69 пратеници, сите 69 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесат: Одлука за стапката на придонесот од плати за пензиско и инвалидско осигурување од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година, Одлука за стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување на индивидуалните земјоделци; од 1 јануари 2009 до 31 декември 2011 година; Одлука за стапката на придонесот за пензиско и инвалиско осигурвање на стажот на осигурување што се смета за зголемено траење од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година; и Одлука за стапката на придонесот за вработување; од 1 јануари 2009 до 31 декември 2011 година.

Предлозите ви се доставени.

Заради рационалност, претставникот на Владата да ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам пртставникот на Владата да ја образложи оправданоста овие одлуки да се донесат по итна постапка.

Има збор министерот за труд и социјална политика господинот Џелал Бајрами.

**Џелал Бајрами:** Благодарам претседателе.

Со предложените одлуки се врши намалување на стапката на придонесот во плата за пензиско и инвалидско осигурување за стажот на осигурување, што се смета за зголемено траење и за индивидуалните земјоделци на кој земјоделската дејност им е единствено занимање.

Потребата од итно разгледување на овие одлуки произлегува од фактот што во овој период се подготвуваат буџетите на фондовите за социјално осигурување за 2009 година, како составен дел на Буџетот на Република Македонија.

Заради навремено проектирање на приходите и расходите во Буџетите на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија и Агенцијата за вработување на Република Македонија, потребно е донесување на соодветни одлуки во кои се дефинира стапката на придонесот.

Истовремено, потребата од донесување на одлуки за стапката на придонесите од ПИОМ и придонесот за вработување со цел хармонизација на основицата на социјалните придонеси, која ќе започне од 1 септември 2009 година и интегрираната наплата на социјалните придонеси, која ќе започне од 1 јануари 2009 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе одлука за стапката на придонесот од плати за пензиско и инвалидско осигурување од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 патеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се доенсе Одлуката за стапката на придонесот за пензиско инвалидско осигурување на индивидуалните земјоделци, од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Одлуката за стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување на стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јануари 2009 до 31 декември 2011 година, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата по итна постапка да се донесе Одлуката за стапката на придонесот за вработување од 1 јануари 2009 до 31 декември 2011 година, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага по итна постапка да се донесе одлука за изменување и дополнување на Одлуката за стапките, основиците и придонесите за задолжително здравствено осогирување.

Предлогот ви е доставен.

Го молам петставникот на Владата да ја образложи оправданоста оваа одлука да се донесе по итна постапка.

Има збор министерот за здравство, повелете.

**Бујар Османи:** Благодарам.

Итноста за донесување на одлуката произлегува од фактот што ние сме во фаза на конципирање на Буџетот, со Министеството за финансии, за 2009 година и поради тоа неопходно е Фондот да располага со податоци за вкупните приходи на Фондот, како би можел соодветно да распределува средства по видови на здравствена заштита.

Другата приучина за итноста е потребата од хармонизација на основиците на социјалните придонеси чија примена треба да отпочне од 1 јануари 2009 година, со што се овозможува враќање на социјалните придонеси на истата харминизирана основица.

Покрај оваа причина за потреба за донесување на оваа одлука е и отпочнување со интегралната наплата на придонесите за социјално осигурување, од 1 јануари 2009 година, во рамките на Управата за јавни приходи со што се овозможува поедноставување на пресметувањето и уплаќањето на придонесите, како и подобрување на контролата и ефикасноста на системот за заштита. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Владата оваа одлука да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, сите гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница а се дополни со Предлог на одлука за изменување и дополнување на одлуката за избор на претседатели, и заменици на пртседатели, членови и нивни заменици на Комисиите на Собранието на Република Македонија, со Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците.

Предлозите на одлуките ви се поделени.

Заради рационалност претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, ќе ги образложи двата предлози, а гласањето по секое од нив ќе го вршиме одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата, Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Почитуван претседателе, како што вие е познато, итноста поради која треба да се дополни дневниот ред на 19-та седница на Собранието на Република Македонија со тие две точки произлегува од тоа што Собранието на Република Македонија на седницата одржана на

31 јули 2008 година ја донесе одлуката за избор на претседатели и заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија, објавена во Службен весник на Република Македонија број 96/2008 година.

Поради потребата од одделни измени на составот на работните тела, а со цел да се овозможи поголема опфатеност на пратениците внатре од коалицијата за Подобра Македонија, Комисијата за прашања на изборите и именувањето на Собранието на седницата одржана на 1 август 2008 година, утврди Предлог-одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Истовремено, ве потсетувам дека Собранието на Република Македонија на седницата одржана на 31 јули 2008 година ја донесе Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците, Службен весник на Република Македонија број 96/2008, за што имавме законска обврска да го завршиме како работа, 60 дена од конституирањето на Собранието.

Имајќи ја во предвид постигнатата согласност меѓу пратениците, за членување во овој Комитет, Комисијата за прашања на изборите и именувањата ја утврди Предлог одлуката за изменување на одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците, која ви е поделена.

Од наведеното, овие две точки предлагам да се внесат во денешниот дневен ред на собраниската седница.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собрнаието на Република Македонија да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, 67 гласаа за, еден воздржан, против нема.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, сите 6 гласаа за, нема воздржан, против нема.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија;
2. Именување заменици министри во Владата на Република Македонија;
3. Предлог на одлука за стапката на придонесот од плати за пензиското и инвалидското осигурување од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година;
4. Предлог на одлука за стапката на придонесот од плати за пензиското и инвалидското осигурување на индивидуалните земјоделци од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година;
5. Предлог на одлука за стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување на стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година;
6. Предлог на одлука за стапката на придонесот за вработување од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година;
7. Предлог на одлука за изменувае и дополнување на Одлуката за стапките, основиците и придонесите за задолжителнто здравствено осигурување од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година;
8. Предлог на одлука за изменувае на Одлуката за избор на претседатели, заменици претседатели, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија;
9. Предлог на одлука за изменувае на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

Ги повикувам пратениците кои имаат предлози за изменување или дополнување на дневниот ред, да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

По предложениот дневен ред, вкупно гласаа 68 пратеници, сите 68 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да преминема на расправа по точките од дневниот ред, ве потсетувам дека согласно член 80 ставови 2 и 3 од Деловникот на Собранието, пратениците се пријавуваат за збор во рок од една минута по отворањето на претресот.

Листата на пратеници не може да се менува и дополнува во текот на претресот.

Едновремено ве известувам дека согласно член 85 став 3 од Деловникот на Собранието, пратеникот кој се пријавил за збор, а не е присутен во салата кога е повикан да говори, го губи правото на збор за претресот за кој се пријавил и не може повторно да се пријави за истиот претрес.

Согласно член 86 од Деловникот на Собранието, пратеник во текот на претресот може да говори само еднаш во траење од 10 минути, координаторот на пратеничката група и предлагачот може да говорат повеќе пати, но не повеќе од 15 минути вкупно.

**Минуваме на точка 1. - Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија.**

Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања, ви е поделен.

Отворам претрес по извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен.

Ги ставам на гласање Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања, за верификација на мандатот на пратеникот Христина Рунчева.

Ве повикувам да гласаме.

По Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Извештајот и Предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатот на пратеникот Христина Рунчева.

И го честитам мандатот и и посакувам успешна работа на колеката Христина Рунчева.

**Минуваме на точка 2. - Именување заменици министри во Владата на Република Македонија.**

Предлогот за именување заменици на министри Ви е поделен.

Ве известувам дека именувањето заменици министри се врши со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Гласањето по предлогот ќе го вршиме во целилна со јавно гласање.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да учествуваат во претресот да се пријават за збор.

За зор се јави предлагачот.

Има збор господин Никола Груевски, претседател на Владата на Република Македонија, повелете.

**Никола Груевски:** Почитуван претседател на Собранието, почитувани пратеници,

Дозволете ми накратко да кажам неколку работи поврзани со изборот на заменици министри.

Почитувани пратеници,

Минатата недела беше на дневен ред изборот на министри во Владата на Република Македонија и во таа прилика беше предложена програмата на Владата и беше дозволено да имам инаугуративен говор.

Денес е изборот на заменици, јас немам многу да се повторувам, затоа што Програмата на Владата беше поделена и вие внимателно ја прочитавте, дискутиравме и изборот на заменици практично се врши по истите принципи и по истите проекти од таа Програма. Нивната задача ќе биде согласно Законот исто така да дадат сериозен придонес во работата на министерствата и во исполнувањето на Програмата на Владата, која што вие во овој Парламент пред една недела ја усвоивте.

Јас само ќе потсетам на стратешките приоритети на таа Програма, кои што се пет стратешки приоритети, а тоа се: развој на економијата, намалување на невработеноста, зголемување на економскиот раст, правење на максимални напори земјата што побрзо да стане членка на НАТО, членка на Европската унија. Следниот е продолжување на борбата против организираниот криминал и против криминалот и корупцијата како една од стратешките приоритети. Понатаму, одржување на добри меѓуетнички односи и толеранција и довршување на Охридскиот рамковен договор и сериозно инвестирање во образованието како шанса на долг рок земјата сериозно да се придвижи напред. Тоа се петте стратешки приоритети.

Покрај нив, ќе ве потсетам во Програмата се наведени мноштво на цели и се разбира поединечни проекти на Владата кои што се составен дел од таа Програма. Тие проекти ќе бидат задача и на министрите и на замениците министри. Замениците министри се свесни за тоа, тие ја прифатија Програмата, со нив имав одделни разговори и тие се одлучни и подготвени во идејатга силно да придонесат во спроведување на оваа Програма. Програма која што беше ветена од страна на политичките партии во коалицијата и пред изборите, Програма која што ја усвои и овој Парламент односно вие почитувани пратеници. На база на ова, на база на нивните биографии, нивното сработено во минатото, некои од нив исто така беа заменици министри и во минатото, некои од нив не беа, меѓутоа имаат работно и животно искуство. На база на сите овие показатели и на база на нивната одлучност и заложба да пристапат кон поддршка на оваа Програма, ве молам почитувани пратеници денес да гласате во поддршка на избор на предложените заменици министри на министерствата во Владата на Република Македонија.

Дозволете ми на крајот на ова мое кратко излагање, да ви го честитам и претстојниот верски празник “Свети Илија” и големиот државен празник на Република Македонија “Илинден”. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен.

Ве потсетувам дека именувањето на заменици министри се врши со мнозинство гласови од вкупнот број пратеници.

Предлогот за именување заменици министри во Владата на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници, сите 70 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Врз основа на резултатите од гласањето констатирам дека:

Емил Димитриев е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за одбрана.

Џеват Бучи е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за внатрешни работи.

Ибрахим Ибрахими е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за правда.

Зоран Петров е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министеството за надворешни работи.

Недим Рамизи е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за финансии.

Методи Хаџи-Васков е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за економија.

Христијан Делев е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Владимир Поповски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за здравство.

Линдита Ќазими е именувана за заменик на министерот кој раководи со Министерството за образование и наука.

Спиро Ристовски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за труд и социјална политика.

Фарук Фератоски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за локална самоуправа.

Драган Недељковиќ е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за култура.

Мирјана Секуловска е именувана за заменик на министерот кој раководи со Министерството за информатичко општество.

Љупчо Димовски е именуван за заменик на министерот кој раководи со Министерството за транспорт и врски.

Соња Лепиткова е именувана за заменик на министерот кој раководи со Министерство за животна средина и просторно планирање.

Дозволете ми од мое и Ваше име да им го честитам именувањето на замениците на министрите и да им посакам успешна работа.

(Аплауз)

Констатирам дека со именувањето на заменици министри во Владата на Република Македонија на замениците министри во Владата од претходниот состав кои не се именувани им престанува функцијата.

Согласно член 8 став 1 и член 152 став 1 алинеја 3 од Изборниот законик со именувањето на Линдита Ќазими за заменик министер во Владата, констатирам дека на госпоѓата Линдита Ќазими и престанува мандатот пратеник во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи пратеникот Линдита Ќамизи беше избрана од листа на кандидати, потребно е Државната изборна комисија да го извести Собранието за кандидатот од оваа листа на кој треба да му се верифицира мандатот за пратеник согласно член 153 од Изборниот законик.

Со ова, со оглед на тоа што замениците министри треба да потпишат изјава, свечена изјава ја прекинувам седницата и продолжуваме во 13,00 часот по другите точки од дневниот ред. Благодарам.

(Седницата продолжи со работа во 13,34 часот)

**Трајко Вељаноски: Минуваме на точка 3 - Предог на одлука за стапката на придонес на плати за пензиско и инвалитско осигурување од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Џелал Бајрами:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Дозволете ми накратко да ја образложам одлуката за донесување на оваа одлука.

Одлуката за стапката на придонес на плати за пензиско и инвалитско осигурување од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година согласно член 174 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување ја донесува Собранието на Република Македонија по предлог на Владата на Република Македонија.

Со членот 1 од оваа одлука се предлага стапката на придонесот за пензиско и инвалидското осигурување од 1 јануари 2009 година да изнесува 19% од бруто платата на вработените во кое е содржан персоналниот данок на доход и стапките на придонесите на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија. Фондот за здравстено осигурување на Македонија и на Агенцијата за вработување на Република Македонија за наредниот период од 1 јануари 2010 година се предлага оваа стапка да изнесува 16,5%, а од 1 јануари 2011 година 15%. Преку намалувањето на стапката на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување се

стимулира пријавување на вработените како и создавање услови за отворање на нови работни места. На овој начин се создаваат услови за намалување на вкупните трошоци и подобрување на конкурентноста кај работодавците. Со членот 3 се уредува плаќањето на придонесот за оние обврзници кои навремено не го пријавиле или нецелосно го плаќаат придонесот и со членот 4 се уредува примената на намалените стапки на придонесот од плати за пензиско и инвалидско осигурување во период од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, сите 62 гласаа за, воздржани нема, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за стапката на придонес на плати за пензиско и инвалитско осигурување од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година.

**Минуваме на точка 4 - Предог на одлука за стапката на придонес за пензиско и инвалитско осигурување на инвидуалните земјоделци од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Џелал Бајрами:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Одлуката за стапката на придонес за пензиско и инвалитско осигурување на инвидуалните земјоделци од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година согласно член 174 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување ја донесува Собранието на Република Македонија по предлог на Владата на Република Македонија.

Со членот 1 на оваа одлука се предлага намалување на стапката на придонесот за пензиско и инвалидското осигурување на обврзиниците да данок од доход од земјоделска дејност на кои земјоделската дејност им е единствено занимање, индивидуален земјоделец од претходно утврдената стапка 20,64% за 2008 година на 18,5% за 2009 година и 16,06% за 2010 година и 14,63% за 2011 година. Преку намалувањето на стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување на инвидуалните земјоделци се овозможува на оваа категорија осигуреници придонесот да се плаќа на пониски основици. Истовремено преку намалувањето на стапката се отвора можност лицата кои вршат земјоделска дејност да се вклучат во системот на пензиско и инвалидско осигурување. Исто така со оваа одлука се уредува и примената на намалените стапки на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување на инвидуалните земјоделци во период од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, сите 64 гласаа за, воздржани нема, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за стапката на придонес за пензиско и инвалитско осигурување на инвидуалните земјоделци од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година.

**Минуваме на точка 5 - Предог на одлука за стапката на придонесот за пензиско и инвалитско осигурување и стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Џелал Бајрами:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Одлуката за стапката на придонесот за пензиско и инвалитско осигурување на стажот на осигурување што се смета за зголемено траење од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година ја донесува Собранието на Република Македонија по предлог на Владата на Република Македонија.

Со членот 1 од оваа одлука се предлага намалување на стапката на придонесот за пензиско и инвалидското осигурување за стажот на осигурување што се смета за зголемено траење во зависност од степенот на зголемување на стажот на осигурување.

Имено, последователно со намалување на стапки на придонесот од плати за пензиско и инвалидско осигурување од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година потребно е повторно утврдување на стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за стажот на осигурување што се смета за зголемено траење. Преку намалувањето на стапката на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за стажот за осигурување што се смета за зголемено

траење се создаваат услови за намалување на вкупните трошоци и подобрување на конкурентноста кај работодавачите кои имаат работни места на кои стажот на осигурување се смета за зголемено траење.

Со членот 4 се уредува плаќањето на придонесот за оние обврзници кои навремено не го пријавиле или нецелосно го плаќаат придонесот. Исто така, со членот 5 од оваа одлука се уредува примената намалените стапки на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за стажот за осигурување што се смета со зголемено траење од плати за пензиско и инвалидско осигурување во период од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, сите 62 гласаа за, воздржани нема, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за стапката на придонесот за пензиско и инвалитско осигурување на стажот за осигурување што се смета со зголемено траење од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година.

**Минуваме на точка 6 - Предог на одлука за стапката на придонесот за вработување од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Џелал Бајрами:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Согласно членот 95 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, одлука за стапката на придонесот за вработување донесува Собранието на Република Македонија по Програмата на Владата на Република Македонија е предвидено намалување на стапката на придонесите за социјално осигурување во кој спаѓа и придонесот за вработувањето. Намалувањето на придонесите е со цел да се стимулира пријавување на вработените во социјално осигурување како и создавање услови за отворање на нови работни места. На тој начин се создаваат услови за намалување на вкупни трошоци и подобрување на конкуренцијата кај работодавачите.

Со оваа одлука се предлага постапно намалување на стапката за вработувањето во наредните три години. Во првата односно за 2009 година се предвидува стапката на придонесот за вработување да се намали од 1,6% на 1,4%, за 2010 година да се намали на 1,2% и за 2011 година да се намали на 1%.

Во членот 23 од Одлуката се уредуваат прашањата во врска со обврзниците за плаќање на придонесот за вработување и основицата за пресметување и плаќање на придонесот за вработувањето.

Со членот 5 се уредува примената намалените стапки за придонесот за вработување во период од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени пратеници за збор, констатирам дека претресот по Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, сите 62 гласаа за, воздржани нема, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за стапката на придонесот за вработување од 1 јануари 2009 година до 31 декември 2011 година.

**Минуваме на точка 7 - Предог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за стапките, основиците и придонесите за задолжителното здравствено осигурување**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на предлогот на одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Има збор министерот за здравство, повелете.

**Бујар Османи:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Дозволете накратко да ги образложам причините за донесување на одлуката.

Како што знаете со Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување извршена е хармонизација на основицата за пресметување и плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување од плата со основиците за пресметување и плаќање на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување и за вработување. Ова е спроведено во рамките на определбата за широки даночни реформи за спроведување на економската програма на Владата на Република Македонија подржана и од Меѓународниот монетарен фонт.

Со оглед на тоа што со Одлуката за стапките, основиците и висината на придонесите за задолжително здравствено осигурување се утврдени и основиците за одделни категории на осигуреници, произлезе потребата од усогласување на Одлуката за стапките со измените и дополнувањата на Законот за

здравствено осигурување кои се донесоа во јули годинава.

Со оваа Одлука се извршува намалување на постојната стапка на придонес за задолжително здравствено осигурување од 9,2% на 7,5% во 2009 година, на 7% во 2010 година и на 6% во 2011 година.

Одлуката стапува на сила од 1 јануари 2009 година.

Со намалување на стапката за придонес за здравствено осигурување заедно со другите мерки во рамки на овој поширок реформски потфат во даночната политика која ја спроведува Владата се очекуваат комплексни позитивни ефекти како во Секторот на пресметување и плаќање на социјалните придонеси во смисла на рационализација на ресурсите, поедноставување на системите, централизирана и објективизирана контрола, олеснување на работењето на работодавачите така и пошироко.

Другите позитивни ефекти се согледуваат во осетното зголемување на бројот на вработените преку нивното пријавување што ќе резултира со намалување на сивата економија и зголемување на бројот на вработените. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека претресот по Предлогот на одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеника, од нив за Предлогот на одлуката гласаа сите 57 пратеника, од гласањето не се воздржа ни еден пратеник, против не гласаше ни еден пратеник.

Ги молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

Во салата во моментот на гласање беа присутни 64 пратеници, полноважно е гласањето.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за стапките, основиците и придонесите за задолжителното здравствено осигурување.

Со оглед на тоа дека е 14,00 часот, ја прекинувам седницата, продолжуваме во 15,00 часот. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,56 часот)

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точка 8 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на Одлуката е завршен.

Предлогот на Одлуката пред да го ставам на гласање, молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата се присутни 45 пратеници.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

(минуваат минути на чекање)

Молам службите повторно да утврдат точен пратеници.

(службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата се присутни 50 пратеници.

Со оглед на тоа дека нема кворум ја прекинувам седницата.

Продолжуваме во 16.30 часот.

Би ги замолил координаторите на пратеничките групи да ги повикаат пратениците за да се обезбеди кворум за да продолжиме со работа.

Благодарам.

Продолжуваме со работа во 16,30 часот.

(паузата е дадена во 16, 05 часот)

(по паузата седницата продолжи со работа во 16,38 часот)

Молам службите да утврдат точен број на пратеници во салата.

(службите ги пребројуваат пратениците)

Во салата има присутни 59 пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата има 61 пратеник.

Претходно застанавме по однос на гласањето по Предлог Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Поради тоа што претресот е завршен, Предлогот на Одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника. Од нив за предлогот на Одлуката гласаа сите 62 пратеника, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точка 9 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на Одлуката.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по претресот по текстот на Предлогот на Одлуката да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавено за збор констатирам дека претресот по текстот на Предлогот на Одлуката е завршен.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеника, сите 62 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за избор на членови на Комитетот за односи меѓу заедниците.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, констатирам дека 19-та седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

Сакам да ве информирам дека за 17,00 часот е закажана нова 20-та седница на Собранието.

Ве молам за тоа време во евидентниот лист да се потпишат пратениците.

Во 17,00 часот продолжуваме со нова седница. Благодарам.

(Седницата заврши со работа во 16,50 часот)